# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 14.04.2014
Организ. ед.: 07 | Број: 12/49 | Прилог: | Вредност:

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

II ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ДВЕГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД
## (Основни податоци за наставниот предмет)

Наставниот предмет македонски јазик и литература ги опфаќа програмските подрачја Јазик и Литература. Преку овој наставен предмет учениците треба да ги усвојат основните знаења од јазик и успешно да ги применуваат. Во подрачјето Литература се создаваат услови да се практикуваат знаењата од подрачјето Јазик.

Одредени наставни содржиниво секоја година се во насока на развивање на конкретни вештини и знаења преку практична примена.

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и литература

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** втора година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до II година)

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува и продлабочува знаењата за македонскиот литературен јазик како основно средство за комуникација;
- да се оспособува за усно и писмено изразување, за сфаќање и доживување на литературните и другите текстови;
- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како најкарактеристичен белег на националниот иднетитет и припадност на македонската јазична заедница;
- да развива и да стекнува способности и вештини во комуникацијата со конкретна примена на македонскиот стандарден јазик;
- да се оспособува за разбирање и следење на усни и писмени излагања на другите;
- да се оспособи за реализирање на предвидените цели на наставата во предвидената наставна година како и конкретните цели;
- да се здобие со трајни и функционални знаења.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да усвои знаења за морфологијата и морфосинтаксата;
- да знае да ги категоризира зборовите во зборовни групи;
- да ја знае функцијата на зборовите од морфолошки и морфосинтаксички аспект;
- да ги разликува одделните видови зборови;
- да ја знае функцијата на видовите зборови во реченицата;
- да ги разликува формите на глаголот по состав, време, начин;
- да ги применува стекнатите знаења од морфологијата и морфосинтаксата во усното и писменото изразување;

- да го објаснува предметот на проучување на синтаксата како наука за речениците;
- да применува утврдени форми за професионална комуникација;
- да се здобие со знаења за највредните светски остварувања во периодот на хуманизмот и ренесансата, класицизмот, рационализмот, просветителството и романтизмот;
- да се здобие со знаења за македонската литература од периодот на просветителството, романтизмот, како и периодот од крајот на 19 век и почетокот на 20 век.
-

| Програмско подрачје: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја дефинира морфологијата како наука за јазикот и нејзината функција;<br>-да ја препознава морфемата во зборови;<br>-да ја именува значенската, морфолошката и функционалната класификација на зборовите;<br>-да знае да ги класифицира зборовите; | Морфологија<br>Морфологијата како дел од граматиката<br>Поим за морфема. Зборовни групи | Претставки, наставки.<br>Додавки<br>Значенска, морфолошка и функционална класификација | Вежби за воочување на морфемата во зборот.<br>Вежби преку кои ќе можат да ги идентификуваат и класифицираат зборовите (именки, придавки, броеви... неменливи, менливи зборови, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го дефинира поимот именка и неговото значење;<br>-да ги именува именките според видот;<br>- да ги разликува разните видови именки и категориите кај именките (род, број, определеност);<br>-да ги препознава различните видови множина кај именките;<br>-да ги применува видовите именки во текст; | Именки<br>Граматички категории на именките: род, број, определеност | Видови именки, видови множина, деминутиви, пејоративи, аугментативи | Вежби за определување на именките.<br>Функционални вежби за определување на граматичките категории. |
| -да ги препознава придавките и нивните граматички категории;<br>-да ги препознава и именува различните видови придавки (описни, односни, бројни и заменски) ;<br>-да ги разликува категориите кај придавките (род, број, определеност и степен) ;<br>-да ги применува придавките во текст; | Придавки<br>Граматички категории и зборообразување на придавките | Описни, односни, бројни, заменски<br>Степенување кај придавките | Вежби за употреба и разликување на видовите придавки.<br>Вежби за степенувањена придавките.<br>Вежби за препознавање на граматичките категории. |
| -да ги препознава броевите од другите видови зборови;<br>- да ги разликува категориите на броевите | Броеви<br>Граматички категории и поделба на броевите | Броеви со определена и приближна | Вежби: текстови преку кои ќе се воочат броевите со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги класифицира формите за определена и приближна бројност;<br>-да ги објаснува форми за определена и приближна бројност; | | бројност | определена и приближна бројност |
| -да ги препознава заменките од другите видови зборови;<br>-да ги класифицира видовите заменки (лични, лично-предметни, показни);<br>-да ги применува заменките во текстови; | Заменки<br>Заменките според значењето и функцијата | Лични, лично-предметни и показни | Табеларен приказ на личните заменки со нивна практична примена.<br>Вежби за препознавање на заменките и кратките заменски форми. |
| -да го дефинира поимот глагол;<br>-да ги класифицира според граматичките категории;<br>-да ги споредува глаголите според видот;<br>-да ги применува глаголите во текст; | Глаголи<br>Граматички категории кај глаголите: време, начин, лице, вид | Полнозначни зборови<br>Категорија време<br>Категорија начин<br>Категорија лице<br>Категорија вид | Вежби: реченици преку кои се согледуваат, определуваат граматичките категории: време, начин, лице, вид. |
| -да ја споредува простата и сложената глаголска форма; | Формите на глаголот:<br>прости и сложени глаголски форми | Прости глаголски форми | Вежби за образување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ја знае простата глаголска форма;<br>-да ги споредува минатото свршено и несвршено време;<br>-да ги применува образувањата на простите глаголски времиња;<br>-да ги разликува сложените глаголски форми;<br>-да класифицира сложените глаголски форми;<br>-да умее да ги образува;<br>-да ги применува правилно сложените глаголски форми; | Сегашно време<br>Минато определено свршено<br>Минато определено несвршено време<br>Идно време | Сложени глаголски форми | сегашно и минато време.<br>Вежби за трансформација од минато свршено во несвршено и обратно.<br>Вежби со текстови во кои ќе се определуваат изучените времиња.<br>Вежби за определување на сложените глаголски форми во текстови или реченици.<br>Вежби за разликување од простите глаголски форми и нивна трансформација<br>Вежби за употреба на сложените глаголски времиња. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги опишува особеностите на неличните глаголски форми (граматичките категории и нивните одлики);<br>-да ги образува неличните глаголски форми;<br>-да ги разликува неличните глаголски форми;<br>-да ги употребува неличните глаголски форми; | Нелични глаголски форми: | Глаголска л-форма<br>Глаголска придавка<br>Глаголска именка<br>Глаголски прилог | Вежби за препознавање и образување на неличните глаголски форми. |
| - да ги разликува прилозите од другите видови зборови;<br>- да ги класифицира прилозите според видот;<br>-да ја знае нивната функција во реченицата;<br>- да ги употребува правилно прилозите; | Неменливи зборовни групи: прилози<br>Поделба на прилозите по значење | Полнозначни зборови<br>Неменливи зборови<br><br>Прилози за време.<br>Прилози за место.<br>Прилози за начин.<br>Прилози за количество и степен. | Вежби за поделба на прилозите со потенцирање на разликата на прилогот и придавката.<br>Вежби со текстови во кои ќе се откриваат и класифицираат прилозите. |
| -да ја дефинира синтаксата како наука за речениците;<br>-Дда го знае значењето на реченицата како централна синтаксичка единица; | Синтакса | Наука за речениците<br>Основна единица во синтаксата | Вежби за структурата на реченицата, смисловната и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да прави разлика меѓу простата и сложената реченица;<br>-да ги класифицира прилошките определби и видовите; | Поим за реченица | Подмет, прирок, предмет прилошки определби<br>Проста и сложена реченица | граматичката разлика.<br>Вежби за разликување на членовите во простата и во сложената реченица.<br>Вежби за утврдување на прилошките определби во реченицата. |
| -да го препознава подметот во реченицата;<br>-да го знае да го определи прирокот во реченица;<br>-да го определува глаголскиот и именскиот прирок; | Прилошки определби<br>Подмет<br>Прирок | Подметот како втор главен реченичен член<br>Глаголски и именски прирок<br>Прилошки определби за место, за време, за начин, за количество и степен | Вежби за препознавање на подметот во реченици.<br>Вежби во кои ќе се утврдува прирокот во реченицата.<br>Вежби за определување на глаголскиот и именскиот прирок.<br>Вежби за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | утврдување на прилошките определби во реченици (за место, време, начин, количество и степен). |
| -да ги разликува видовите реченици;<br>-да ја определува сложената реченица;<br>-да ги определува елементите во сложената реченица; | Проста и сложена реченица | Тврдење, одрекување, изделување, прашување | Вежби за утврдување на видот на реченица, Вежби за составување и определување на одделни видови прости реченици во сложени. |
| - практично да ги реализира утврдените форми воочувајќи ја структурата и сфаќајќи ја нивната функција;<br><br>-да се оспособува и практично да реализира форми од практично-професионална комуникација; | Практично-професионална комуникација | Известување<br>Вест<br>Соопштение<br>Покана<br>Телеграма | Вежби на готови обрасци и текстови за воочување на структурата и функцијата.<br>Вежби за самостојна изработка на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - во практично – професионалната комуникација правилно да го применува македонскиот стандарден јазик | | | известување.<br>Вежби за составување на вест, натпревар за најинтересна вест.<br><br>Вежби за составување на соопштение и меѓусебно споредување.<br><br>Вежби за составување писмо (службено и приватно).<br>Илустрирање со примери за составување телеграма. |

| Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги репродуцира условите за појава на реализмот;<br>-да ги набројува одликите на реализмот во европската литература; | Реализамот во Европа: појава, одлики, претставници | Реализам | Белетристички текстови (извадоци) за илустрација на одликите на реализмот во литературата. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Толстој;<br>-да го интерпретира романот од аспект на одликите на реализмот;<br>-да го опишува нараторот во делото; | Л. Н. Толстој „Којцерова соната“ | Реалистичка проза | Интерпретативно читање на извадоци од делото со илустрација на основните наративни категории: фабула, лик, наратор, раскажување, опис. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги објаснува општествено-културните прилики во Македонија од овој период; | Македонската литература кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век: појава, одлики, претставници | Македонска литература | Разговор за условите и за состојбата на македонската литература при крајот на 19 и почетокот на 20 век. |
| -да ги репродуцира основните биобиблиографски податоци за Војдан Чернодрински;<br>ја интерпретира драмата „Македонска крвава свадба" во контекст на историскиот момент и низ призма на жанровските одлики. | Војдан Чернодрински<br>„Македонска крвава свадба" | Прв македонски театар, прва македонска драма | Интерпретативно читање на извадоци од драмата „Македонска крвава" свадба со фокус врз типичните драмски елементи: композиција, дијалог, драмски конфликт.<br>Дискусија за насилството од позиција на моќ и за универзалноста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на моралните одлуки. |
| -да ги репродуцира основните податоци за историскиот и културниот контекст во Македонија од овој период;<br>-да ги именува одликите и претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>-да ги толкува спецификите во делата на македонските автори од овој период; | Македонската литература меѓу двете светски војни: појава, одлики, претставници | Историски контекст, литературен контекст | Извадоци од историски текстови и публицистички материјали. |
| -да ги набројува основните био-библиографски податоци за Иљоски;<br>-да ја интерпретира драмата со потенцирање на жанровските одлики и врските со фолклорот; | Васил Иљоски<br>„Чорбаџи Теодос“ | Битова драма | Интерпретативно читање на драмата. Работа во групи со бележење на: етапите во драмската композиција, интригата и драмскиот конфликт, социјалните и битовите елементи во драмата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Дискусија: Македонското патријархално семејство во минатото и денес . |
| -да ги набројува основните био-библиографски податоци за Рацин;<br>-да ја интерпретира Бели мугри од аспект на структурата и мотивите;<br>-да интерпретира конкретни песни со примена на теоретски знаења од литературата (стилски фигури);<br>-да го коментира значењето на Рацин за македонската литература; | Кочо Рацин<br>„Бели мугри“<br>(„Денови“, „Копачите“, „Татунчо“) | Социјална поезија, билингвален автор | Интерпретативно читање на песни од Рацин со фокус врз: социјалните мотиви и парадигматичните стилски фигури. |
| -да ги објаснува доминантните одлики на македонската литература по Втората светска војна;<br>-да ги репродуцира основните книжевно-историски податоци за македонската литература (периодизација, класификација на жанровите, автори, дела); | Повоена македонска литература : појава, одлики, претставници | Периодизација | Табеларно-шематски приказ на жанровските и поетичките доминанти на македонската литература во овој период. Извадоци од илустративни текстови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцра основните био-библиографски податоци за Попов;<br>-да го интерпретира романот со препознавање на релациите со фолклорот и со историјата; | Стале Попов<br>„Калеш Анѓа“ | Битов роман<br>Приказна,<br>Раскажувач, лик | Интерпретативно читање на романот со фокус врз романескниот приказ на историјата. |
| -да ги репродуцира условите за појава на модернистичките и постмодернистичките текови во македонската литература;<br>-да ги коментира одликите на современата македонска литература (споредбено модерната и постмодерната); | Современа македонска литература: одлики и претставници | Модерна,<br>Постмодерна | Табеларен приказ на хронологијата на современата македонска литература, со систематизација на модернистичките и постмодернистич-ките одлики. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за П. М. Андреевски;<br>-да го интерпретира романот „Пиреј“ со препознавање на раскажувачките постапки и врските со историјата; | Петре М. Андреевски<br>„Пиреј“ | Историски роман | Интерпретативно читање на извадоци од романот со фокус врз: јазикот, сижето наспроти фабулата, односот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | кон историјата. Дискусија: Судбината на поединецот наспроти војната. |
| -да ги интерпретира доминантните одлики во лириката на Б. Конески;<br>-да применува теоретски знаења од литературата (стилски фигури, лирска поезија);<br>-да ја препознава врската на уметничката поезија со фолклорната традиција; | Блаже Конески „Поезија“ (Циклусот песни за Марко Крале) | Лиризација, Демитологизација | Споредбено читање на епските песни за Марко Крале и песни од циклусот на Конески; бележење на одликите на „лирскиот“ Марко Крале („очовечувањето“, демитологизација, деидеализација). |
| -да ја интерпретира драмата низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата;<br>-да го коментира значењето на Чашуле за историјата на македонската драма; | Коле Чашуле „Црнила“ | Драма на идеја, Драма со теза | Интерпретативно читање на извадоци од драмата со фокус врз елементите на драмската |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | структура<br>Дискусија:<br>Етичките постапки на ликовите |
| -да интерпретира дело парадигматично за постмодерната литература. | Драги Михајловски „Скок со стап“ | Раскажувач<br>Фантастика | Интерпретативно читање на раскази по избор со фокус врз: функцијата на необичниот раскажувач, сижејното обликување на фабулата, фантастичните елементи во прикажувањето на стварноста.<br>Драматизација на расказите. |

Лектири:

1. Слободан Мицковиќ „Крале Марко“
2. Александар Прокопиев „Човечулец“ (избор)

## IV. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот македонски јазик и литература подразбира распределба на часовите за усвојување на нови наставни содржини од областите Јазик и Литература, при што треба да се обрне внимание на бројот на часовите за реализирање на функционалните цели на обете подрачја, со акцент врз самостојната работа на учениците.

Во текот на наставната година се работат задолжителни две писмени работи за кои се испланирани шест (6) наставни часа (за техничка подготовка, за изведба и за поправка).

Целите на предметот македонски јазик и литература ќе бидат успешно остварени доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини ќе се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот.

Покрај основните традиционални методи, ќе се применуваат и методите на активно учење преку кои ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По давањето на информациите за определена содржина, со примена на ИКТ и современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето.

## V. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Во втора година учениците во програмското подрачје Јазик ги усвојуваат и обработуваат содржините: Морфологија, Синтакса и Практично-професионална комуникација. Од програмското подрачје Литература ги усвојуваат и обработуваат содржините: Реализам, Македонската литература кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век, Македонската литература меѓу двете светски војни, Повоена македонска литература, Современа македонска литература.

| Наставно подрачје/ содржини | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| Литература<br><br>Реализам<br><br>Македонската литература на крајот од 19 и почетокот на 20 век<br><br>Македонската литература меѓу двете светски војни | Помнење | Ученикот/ученичката:<br>набројува карактеристики на реализмот во Европа;<br>именува основни био-библиографски податоци за Толстој;<br>набројува специфики на македонската литература на крајот на 19 и почетокот на 20 век;<br>знае основни био-библиографски податоци за Чернодрински;<br>репродуцира услови за појава на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>ги репродуцира белезите на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>набројува био-библиографски податоци за Иљоски, Рацин;<br>знае основни био-библиографски податоци за П. М. Андреевски, Б. Конески, К. Чашуле. |
| | Разбирање | Поврзува белези на реализмот во европските литератури;<br>толкува присуство на фолклорот во македонската литература на крајот на 19 и почетокот на 2 век;<br>поврзува карактеристики кај претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>толкува специфики на македонската литература по Втората светска војна. |

| | | |
|---|---|---|
| Повоена македонска литература<br><br>Современа македонска литература | Применување | Драматизира книжевни целини и ликови од различни дела;<br>илустрира карактеристични ликови од дела на автори од различни периоди и правци во литературата;<br>применува теоретски знаења од литературата на конкретни примери;<br>покажува структура на типични жанрови на модерната. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | Споредува белези на различни правци во литературата во различни по жанр дела;<br>анализира дело од Чернодрински;<br>анализира дело од Толстој;<br>анализира дела од Иљоски, Рацин;<br>анализира дела од С. Попов, Блаже Конески;<br>анализира дело на П. М. Андреевски, К. Чашуле, Д. Михајловски;<br>разграничува структурни делови во дадено книжевно дело. |

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови, и слично.

Усниот инструмент се состои од: одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тримесечјето, полугодието и крајот на годината.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## VII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.).

## VIII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Филолошки факултет – група: Македонски јазик и македонска книжевност – наставна насока.
- Филолошки факултет – грипа: Македонски јазик и книжевност – наставна насока.
- Филолошки факултет – група: Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет – наставна насока.
- Филилошки факултет – група: Општа и компаративна книжевност – наставна насока.

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2014 година

Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Наставната програма по предметот македонски јазик и литература за втора (II) година на средното стручно образование со двегодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-6459/1
08-04-2014 год.
СКОПЈЕ

Изготвил: работна група со решение бр.02-633/1 од 22.04.2013 год., координатор м-р Блага Панева
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ